**20150973033**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 јуни 2015 година.

Бр. 08-2518/1
9 јуни 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Член 1

Во Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12 и 42/14), во членот 3 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Владата на Република Македонија донесува подзаконски акти со кои се пропишуваат мерките, начинот и условите за спроведување на ЕУ и меѓународните стандарди, препорачани практики и нормативи за обезбедување од дејствија на незаконско постапување, одобрувањето на летовите, давањето на услуги на воздухопловна навигација, доделувањето на слотови, истражувањето на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови како и начинот на нивно пријавување и за други области на воздухопловството.“

Член 2

Во членот 4 по точката 66 се додава нова точка 66-а, која гласи:

“66-а. Пречка е секој траен, времен и подвижен објект, или делови на истиот, кој:

а) се наоѓа во зоната наменета за движење на воздухопловите по земја;

б) се простира над дефинираните површини наменети за заштита на воздухопловите во лет или

в) се наоѓа надвор од површините утврдени во подточките (а) и (б) на оваа точка, а претставува опасност по воздушниот сообраќај.”

Член 3

Во членот 6 став (1) по точката г) се додава нова точка д), која гласи:

„д) подготвува и донесува подзаконски акти со кои се пропишуваат мерките, начинот и условите за спроведување на ЕУ и меѓународните стандарди, препорачани практики и нормативи од областа на спроведувањето на инспекцискиот надзор во воздухопловството.“

Точките д) и е) стануваат точки ѓ) и е).

Член 4

Во членот 7-б став (1) алинејата 4 се менува и гласи:

„- подготвува и донесува подзаконски акти од областа на воздухопловството кои се предвидени со овој закон како и подзаконски акти со кои се пропишува спроведувањето на ЕУ и меѓународните стандарди, препорачани практики и нормативи од областа на воздухопловството, кои не се во надлежност на Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски согласно со овој закон.”

Член 5

Членот 68 се менува и гласи:

“(1) Во постапката за издавање на акти за градење согласно со Законот за градење, при изградба или реконструкција на аеродром, леталиште или објект на аеродром или леталиште, како и препрека во зоната на аеродромот или леталиштето, инвеститорот е должен да прибави согласност од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

(2) Во постапката за издавање на акти за градење согласно со Законот за градење за објекти во и надвор од зоната на аеродромот или леталиштето, инвеститорот е должен да прибави согласност од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај и тоа за издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, оџаци со височина поголема од 30м, далноводи под напон поголем од 100 КВ, ветерници, како и други објекти кои се со височина поголема од 100м.

(3) Согласностите од ставовите (1) и (2) на овој член ги издава Агенцијата.

(4) За објектите од ставовите (1) и (2) на овој член за кои се издава одобрение за употреба во комисиите за технички преглед на градбите учествува претставник од Агенцијата.“

Член 6

Во членот 177 по зборовите: “за воочување на”, зборот “објектите” се заменува со зборовите: ”препреките на аеродромот, односно леталиштето, во зоната на аеродромот и леталиштето, како и надвор од таа зона;” и по зборовите: “овие системи,” се додаваат зборовите: “организацијата и работењето на операторите на воздухопловни пристаништа,”.

Член 7

Во членот 188 став (1) точката 14) се менува и гласи:

„14) При издавање на акти за градење согласно со Законот за градење, инвеститорот не прибави согласност од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај (член 68 ставови (1) и (2)).

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.